Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 30/2014, 41/2014 и 138/2014), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво, на седницата, одржана на 25.11.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2014 година и ревидирање на консолидираната Годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар – Скопје за 2014 година**

**Член 1**

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2014 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар – Скопје за 2014 година, се избира „Европски центар за ревизија" ДОО, ул. „Железничка" бр. 30 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка со прибирање понуди со електронска аукција за ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2014 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2014 година .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.42-9680/1**
**25 ноември 2014 година**
**С к о п ј е**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**